# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 10 | Вторник, 16 јули 2024 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


## С о д р ж и н а

### Градоначалник на Општина Струмица:


**Рег.бр.** **Стр.**

**296. Јавна објава**- известување за издадено одобрение за градење КП бр.258/1 КО Баница, Општина Струмица (од втора категорија)........................................................................................**2**

**297. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 39-та седница на Советот на општина Струмица .......................................................................................................................**3**


### Совет на Општина Струмица:


**Рег.бр** **Стр.**

**298. Одлука** за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2024 година...............................**4**

**299. Одлука** за доделување парична помош на Томислав Нефтенов од Струмица...........**4**

**300. Одлука** за доделување парична помош на Благој Калпачки од Струмица...................**4**

**301. Одлука** за доделување парична помош на Јане Стоилов од Струмица.......................**5**

**302. Одлука** за доделување парична помош на Живко Димчев од Струмица.....................**5**

**Рег.бр** **Стр.**

**303. Одлука** за доделување парична помош на Миле Ѓорѓиев од Струмица........................**5**

**304. Одлука** за субвенционирање на надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2024 година...............................................................**6**

**305. Заклучок** за давање согласност на Ценовникот за приклучување на корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа на ЈПЕД „Струмица – ГАС“ Струмица за 2024 година...............................................................**6**


..............................................................................................................

**296.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15 и 65/18), Градоначалникот на општина Струмица врши:

**Ј А В Н А О Б Ј А В А**

**- достава -**

**Градоначалникот на општина Струмица, постапувајќи по предметното барање на инвеститорот ДПТУ „МОРЕЛА ГРУП" ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Ленинова" бр.44, ГТЦ Глобал/кат2 во Струмица, издаде Одобрение за градење бр.20-793/8 од 11.06.2024 година**, **со кое на инвеститорот му се одобрува изградба на Објект за примарна обработка на земјоделски производи, со висина П (приземје) на КП бр.258/1 КО Баница, Општина Струмица (од втора категорија).**

Од добиените податоци преку системот на Агенцијата за катастар на недвижности, како непосредни соседи на напред наведената парцела за која се донесува одобрението, се јавуваат следните лица:

- **КП бр. 258/27, имотен лист бр. 816, КО Баница** – Благој Милковски и Мери Милковска од Струмица, ул. „Беласица" бр.16 и ДПТУ МОРЕЛА ГРУП ДООЕЛ Струмица;
- **КП бр. 258/23, имотен лист бр.749 КО Баница** – Калиников Радосав од Скопје, ул. „Илинден" бр.3, Софијанка Гламочанин од Скопје, ул. „Народен Фронт" бр.29, Калиников Ристо од Струмица, ул.„Панче Пешев" бр.15; Калиников Ѓорге од Гевгелија, ул. „Ѓорѓи Велков" бр.10; Зографска Данче од Скопје, ул. „Маршал Тито" бр.47; Калиников Бранислав од Скопје, ул. „Дамска" бр.5А, Трајковска Лиљана од Скопје, ул. „Никола Русински" бр.3, Калиников Милко од Гевгелија, ул. „Ристо Чавдаров" бр.25 и Танчева Аница од Скопје, ул. „Људевит Гај" бр.6;
- **КП бр. 258/15, имотен лист бр.794 КО Баница** – Устапетров Ѓорге од Штип, ул. „Ген. Михајло Апостолс" бр.35, Орцева Маре од Струмица, ул. „Герас Цунев" бр. 27, Манолева Виолета од Струмица, ул. „Атанас Нивичански" бр.1; Калапоцева Фроска од Струмица, ул. „Стив Наумов" бр.93;
- **КП бр. 258/8, имотен лист бр.568 КО Баница** – Стојановска Вера од Скопје К. Вода, ул. „Рилски Конгрес" бр.37 и Соколова Виолета од Струмица, ул. „Светозар Марковиќ" бр.26,
- **КП бр. 258/6, имотен лист бр.596 КО Баница** – Иван Бозов од Струмица, ул. „Крсте Мисирков" бр. 28 и
- **КП бр. 258/22, имотен лист бр.897 КО Баница** – Васка Димитриева, с. Баница бр.114 и Република Македонија;

Согласно член 62-а од Законот за градење, **СЕ ИЗВЕСТУВААТ** горе наведените странки дека во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавата, имаат право да извршат увид во документацијата и/или да поднесат жалба против издаденото Одобрение, до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Увидот во документацијата може да се направи во службените простории на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште во општина Струмица, ул. „Ленинова" бр.15, секој работен ден од 08:00 часот до 15:00 часот.

**Напомена:** издаденото Одобрение станува правосилно доколку странките (лично и/или преку полномошник со заверено полномошно) не извршат увид во документацијата и/или не вложат жалба против издаденото Одобрение во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на оваа јавна објава во дневниот печат и од денот на објавувањето во Службеното гласило на општина Струмица.

**Предупредување:** согласно член 84, став (6) од Законот за општата управна постапка, ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава на писменото и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Оваа јавна објава се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на Република Северна Македонија, во текот на два последователни дена. Потоа, Органот ќе изврши и еднократна објава и во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.20-793/9 — Општина Струмица
01.07.2024 год. — Градоначалник
С т р у м и ц а — Костадин Костадинов

………………………………

**297.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 39-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 39-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 15.07.2024 година и тоа:

1. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2024 година, бр. 08-4975/1 од 16.07.2024 година;
2. Одлука за доделување парична помош на Томислав Нефтенов од Струмица, бр. 08-4976/1 од 16.07.2024 година;
3. Одлука за доделување парична помош на Благој Калпачки од Струмица, бр. 08-4977/1 од 16.07.2024 година;
4. Одлука за доделување парична помош на Јане Стоилов од Струмица, бр. 08-4978/1 од 16.07.2024 година;
5. Одлука за доделување парична помош на Живко Димчев од Струмица, бр. 08-4979/1 од 16.07.2024 година;
6. Одлука за доделување парична помош на Миле Ѓорѓиев од Струмица, бр. 08-4980/1 од 16.07.2024 година;
7. Одлука за субвенционирање на надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2024 година, бр. 08-4981/1 од 16.07.2024 година;
8. Заклучок за давање согласност на Ценовникот за приклучување на корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа на ЈПЕД „Струмица – ГАС“ Струмица за 2024 година, бр. 08-4982/1 од 16.07.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-4983/2 | Општина Струмица |
| 16.07.2024 год. | Градоначалник |
| С т р у м и ц а | Костадин Костадинов |

....................................

**298.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”

бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21,77/2, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20), одредбите од Колективниот договор на Општина Струмица бр. 03-5090/1 од 30.06.2022 година и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на 39 –та седница одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2024 година**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2024 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 19/23 и 3/24) се врши следната измена:

**Член 1**

Во член 9, став 1, алинеја 1 од Одлуката „бројот 3,20 се заменува со бројот 2,79“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр.08-4975/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**299.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Томислав Нефтенов од Струмица**

**Член 1**

На Томислав Нефтенов од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 100.000,оо денари, како помош во обезбедување на парични средства за претрпена материјална штета од пожар.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2024 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4976/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**300.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Благој Калпачки од Струмица**

**Член 1**

На Благој Калпачки од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 100.000,оо денари, како помош во обезбедување на парични средства за претрпена материјална штета од пожар.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2024 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4977/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 301.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Јане Стоилов од Струмица**

**Член 1**

На Јане Стоилов од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 100.000,оо денари, како помош во обезбедување на парични средства за претрпена материјална штета од пожар.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2024 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4978/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 302.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Живко Димчев од Струмица**

**Член 1**

На Живко Димчев од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 100.000,оо денари, како помош во обезбедување на парични средства за претрпена материјална штета од пожар.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2024 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4979/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 303.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Миле Ѓорѓиев од Струмица**

**Член 1**

На Миле Ѓорѓиев од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 50.000,оо денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2024 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-4980/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 304.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за субвенционирање на надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се субвенционира надоместокот за „Стандарден приклучок на дистрибутивниот гасоводен систем на ЈПЕД „Струмица - ГАС" Струмица, во нето износ од 46 943 денари по домаќинство, а субвенционирањето ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен".

**Член 2**

Субвенционирањето ќе се изврши преку објавување на Јавен оглас од страна на Општина Струмица, а средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Струмица за 2024 година.

**Член 3**

Домаќинствата кои што ќе ги користат субвенциите се должни да достават:

- Доказ дека се целосно намирени трошоците за надоместок за приклучување на системот за дистрибуција на природен гас на ЈПЕД "Струмица-Гас" Струмица, договор за приклучување склучен во 2024 година или потврда издадена од страна на операторот на системот за дистрибуција на природен гас дека е извршено приклучувањето кај домаќинството.
- ДОКАЗ дека користи природен гас за греење, припрема на санитарна топла вода или готвење, договор за снабдување со природен гас со ЈПЕД"Струмица-Гас" Струмица и/или платена фактура за природен гас со извод од деловна банка или уплатница, односно потврда издадена од снабдувачот со природен гас ЈПЕД"Струмица-Гас" Струмица дека е корисник на природен гас, во 2024 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-4981/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 305.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.07.2024 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Ценовникот за приклучување на корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа на ЈПЕД „Струмица – ГАС" Струмица за 2024 година**

1.Се дава согласност на Ценовникот за приклучување на корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа на ЈПЕД „Струмица – ГАС" Струмица за 2024 година, усвоен од Управниот одбор на ЈПЕД „Струмица – ГАС" Струмица со Одлука бр.02-215/4 од 17.05.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-4982/1 Совет на општина Струмица
16.07.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..